Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16 **Општина Демир Хисар,** на ден 05.12.2023., донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани, во КО Сопотница, на КП бр. 590, за КО Сопотница Општина Демир Хисар,** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Демир Хисар - www.demirhisar.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани, во КО Сопотница, на КП бр. 590, за КО Сопотница Општина Деми Хисар нема да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Членот 65 став (2) од Законот за животната средина предвидува дека Стратегиска оцена се спроведува на плански документи од повеќе области со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина**, додека планскиот документ Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани, во КО Сопотница, на КП бр.590, за КО Сопотница Општина Демир Хисар, нема да има влијание врз животната средина и луѓето. Намената на предходно спомнатиот Урбанистички проект не е предвидена во подзаконските акти - Уредби за дејности и активност за кои задолжително се изработува Елаборат за заштита на животната средина.**

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11 - 1212/1
Демир Хисар

**Име и презиме**
**_______________ с.р.**
**Никола Најдовски**
**Градоначални**

**Изготвил,**
**_______________**
**Загорка Милошевска**